Апасиев

# РИМСКО ПРАВО



Димитар Апасиев

# РИМСКО ПРАВО

Учебник

**Автор:**
д-р Димитар Апасиев – вонреден професор

**РИМСКО ПРАВО**
У Ч Е Б Н И К

**Рецензенти:**
проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска
проф. д-р Гоце Наумовски

**Лектор:**
Толе Белчев

**Техничко уредување:**
Димитар Апасиев

**Дизајн на корица:**
Крсте Шупев

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**За издавачот:**
**уредник на издавачка продукција на УГД**
проф. д-р Лилјана Колева Гудева

**Објавено во Е-библиотека**
https://e-lib.ugd.edu.mk

**DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770741**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

34(37)(075.8)

АПАСИЕВ, Димитар
Римско право [Електронски извор] : учебник / Димитар Апасиев. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет, 2024

Начин на пристапување (URL): http://e-lib.ugd.edu.mk/1209. - Текст во PDF формат, содржи 207 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.09.2024. - Фусноти кон текстот. - Биографија:
стр. 205-206. - Библиографија: стр. 193-204

ISBN 978-608-277-074-1

а) Римско право -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 64395269

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

д-р Димитар Апасиев – вонреден професор

# РИМСКО ПРАВО

**У ч е б н и к**

Штип, 2024

# ПРЕДГОВОР

Овој мој прв универзитетски учебник по *Римско право* првенствено е наменет за студентите од прва година на Правниот факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кои овој предмет го слушаат како задолжителен во вториот семестар од додипломските студии. Тој може да им послужи како дополнителна литература при подготовка на семинарските задачи или, пак, за полагањето испити и на студентите на втор циклус постдипломски / мастер студии, а особено на оние кои го имаат оптирано предметот *Римско кривично право* (во рамки на Казнено–правната насока). Исто така, тој може да им биде корисен и на докторантите од потпрограмата „Римско право“, во рамките на трет циклус студии на државните универзитети.

Учебников е плод на мојата научно-истражувачка и практична работа со студентите, за време на предавањата и на вежбите по предметот Римско право, кои изминативе академски години континуирано ги држев на Правниот факултет при УГД – Штип. Ракописов е и своевиден сублимат и продолжение на двете мои скрипти по *Римско право – I* и *II* (од 2015 и од 2019 година), кои досега се користеа како дополнителни учебни помагала.

Имено, римското право, во суштина, беше процесно право, па цениме дека ваквото претставување на организацијата на инокосните и колегијалните органи, кои ја вршеа кривичната јурисдикција во античката римска држава, ќе биде интересно четиво за студентите по право, кои за прв пат се среќаваат со оваа материја од доменот на правната романистика.

Се надеваме дека ваквиот приказ, со посебен акцент на римското јавно, поточно римското судско право, односно, на правосудниот систем на Римјаните од првиот (монархистички / кралски) и од вториот (републикански) период на нивниот милениумски државно-правен развој, ќе им даде на младите правници доволен увид во начинот на тогашното правораздавање, а на подобрите од нив ќе им послужи како појдовна основа за понатамошни попродлабочени истражувања на оваа мошне значајна правно-историска материја.

*А п а с и е в*
август 2024

*[N]ihil es[t] homine nobili dignius quam cognitio […] iuris. Primum quidem ejus quod omnes homines hominibus, et gentes gantibus sociat; deinde vero parti[i], cujus partem non exiguam facit jus Romanum a plerisque populis adoptatum, per se quoque supra omnia Civitatum jura dignissimum nosci, ut quod perfectum excultumque sit experimentis tam magni tamque diuturni Imperii… Tam evidens… est ejus Juris in plerisque partibus, iis maxime, quae ad contractus aut damnum injuria datum pertinent, aequitas, ut, ad quos populos Romana arma pertingere nunquam potuerunt…, eo leges Romanae sine vi ulla, justiae suae vi triumphantes, pervenerint.*

Hugo **Grotius**
*Epistolae ad Gallos* – CL

*За еден благороден господин, ништо повредно нема од изучувањето на правото: најпрвин доаѓа она право коешто врзува човек со човек и народ со народ; а потоа е изучувањето на правото на татковината. Не мал дел од ова се содржи во римското право, кое е усвоено од повеќе народи – но, самото по себе, тоа е и највредно за изучување; бидејќи стои над сите [национални] права... оти е развиено и усовршено со искуството на една толку голема и долготрајна Империја.*

Хуго **Гроциус** / Иго Гроциј
Хамбург, 16 ноември 1633

**С О Д Р Ж И Н А**


ВОВЕД: РИМСКОТО СУДСКО ПРАВО ........................................................................ 1

*ДЕЛ I*
***СУДОВИТЕ ВО КРАЛСТВОТО***

ГЛАВА 1: **ПРИВАТНИ СУДОВИ** (СЕМЕЈНО ПРАВОСУДСТВО)
1.1. **АГНАТСКИ СУДОВИ –** Домашно [куќно] судство ........................................ 10
1.2. **КОГНАТСКИ СУДОВИ –** Фамилијарно [роднинско] судство .......................... 13
1.2.1. СУДЕЊЕ НА ЖЕНАТА ........................................................................ 13
1.2.2. СУДЕЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................................................ 16

ГЛАВА 2: **ЈАВНИ СУДОВИ** (ДРЖАВНО ПРАВОСУДСТВО)
2.1. **ИНОКОСНИ СУДОВИ** ........................................................................ 20
2.1.1. РЕКСОТ – Врховен судија ........................................................ 20
2.1.1.1. *Изворно кралско правосудство* .............................................. 20
2.1.1.2. *Делегирано кралско правосудство* .......................................... 24
2.1.2. ИНТЕР-РЕКСОТ – Вонреден судија .............................................. 27
2.1.3. ПОНТИФЕКСОТ – Верски судија .................................................. 29
2.2. **ЗБОРНИ СУДОВИ** ........................................................................ 31
2.2.1. КОЛЕГИУМИТЕ – Религиски судови .............................................. 31
2.2.1.1. *Понтифицискиот колегиум* ...................................................... 31
2.2.1.2. *Аугурскиот колегиум* ............................................................ 34
2.2.1.3. *Харуспицискиот колегиум* ...................................................... 35
2.2.1.4. *Фецијалниот колегиум* .......................................................... 36
2.2.2. КУРИИТЕ – Демократски судови ................................................ 38
2.2.3. СЕНАТОТ – Аристократски суд .................................................. 42

*ДЕЛ II*
***СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКАТА***

ГЛАВА 3: **МАГИСТРАТСКИ КРИВИЧНИ СУДОВИ** (К О Е Р Ц И Ц И И)
3.1. **РЕДОВНИ КОЕРЦИЦИИ** – *СУДОВИ ВО МИРНОДОПСКИ УСЛОВИ* ........................ 47
3.1.1. С у д о в и т е в о Р и м ........................................................ 47
3.1.1.1. ВИШИ ПРАВОСУДНИ МАГИСТРАТИ .............................................. 49
3.1.1.1.1. *Конзули* ................................................................ 49
3.1.1.1.2. *Трибуни* ................................................................ 55
3.1.1.2. ДРУГИ ПРАВОСУДНИ МАГИСТРАТИ ............................................ 63
3.1.1.2.1. *Цензори* ................................................................ 63
3.1.1.2.2. *Претори* ................................................................ 69
3.1.1.2.3. *Едили* .................................................................. 73
3.1.1.2.4. *Квестори* .............................................................. 79
3.1.1.3. НИЖИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ .................................................. 81
3.1.1.3.1. *Vigintiviri* .............................................................. 82
3.1.1.3.2. *Apparitores* ............................................................ 85

3.1.2. СУДОВИТЕ ВО ПРОВИНЦИИТЕ ........................................... 92
3.1.2.1. ГУБЕРНАТОРИ ........................................................ 92
3.1.2.2. ПУБЛИКАНИ ........................................................... 96
**3.2. НЕРЕДОВНИ КОЕРЦИЦИИ** – *СУДОВИ ВО ПОСЕБНИ ОКОЛНОСТИ* ........................ 99
3.2.1. ВОНРЕДНИ СУДОВИ ..................................................... 101
3.2.1.1. ДЕЦЕМВИРИ ........................................................... 101
3.2.1.2. ТРИУМВИРИ ........................................................... 102
3.2.1.3. ДИКТАТОР ............................................................ 105
3.2.2. ВОЕНИ СУДОВИ ........................................................ 109
3.2.2.1. ГЛАВНИ ВОЕНИ СУДОВИ .................................................. 111
3.2.2.1.1. *Дуксот* ............................................................ 111
3.2.2.1.2. *Стројот* ........................................................... 115
3.2.2.2. ПОМОШНИ ВОЕНИ СУДОВИ ................................................. 117
3.2.2.2.1. *Офицерско правосудство* ............................................ 117
3.2.2.2.2. *Подофицерско правосудство* ......................................... 121

ГЛАВА 4: **НАРОДНИ КРИВИЧНИ СУДОВИ** (К О М И Ц И И)
4.1. **ЦЕНТУРИЈАТСКИ КОМИЦИИ** – КРИВИЧНИ [КАПИТАЛНИ] СУДОВИ ...................... 125
4.2. **ТРИБУТСКИ КОМИЦИИ** – ПРЕКРШОЧНИ [ДЕЛИКТНИ] СУДОВИ ....................... 131

ГЛАВА 5: **СЕНАТСКИ КРИВИЧЕН СУД** (П А Т Р И Ц И И)
5.1. *Структура на републиканскиот Сенат* ...................................... 137
5.2. *Надлежност на републиканскиот Сенат* ..................................... 142

ГЛАВА 6: **СПЕЦИЈАЛНИ ПОРОТНИ СУДОВИ** (К В Е С Т И И)
6.1. **ПРИВРЕМЕНИ КВЕСЦИИ** – Нередовни кривични судови ............................ 147
6.2. **ПОСТОЈАНИ КВЕСЦИИ** – Редовни кривични судови ............................... 148
6.2.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА .................................................. 149
6.2.2. ВИДОВИ КВЕСЦИИ .......................................................... 151
6.2.2.1. *Репетундиска квестија* .................................................. 152
6.2.2.2. *Пекулаторска квестија* .................................................. 154
6.2.2.3. *Фалциска квестија* ...................................................... 155
6.2.2.4. *Амбитуска квестија* ..................................................... 156
6.2.2.5. *Мајестатска квестија* .................................................... 164
6.2.2.6. *Сикариска квестија* ...................................................... 173
6.2.2.7. *Инјуриска квестија* ...................................................... 180
6.2.2.8. *Адултериска квестија* ................................................... 183

ЛИТЕРАТУРА ..................................................................... 193

БИОГРАФИЈА ..................................................................... 205

# В О В Е Д
## Римското судско право

*Новите писатели секогаш веруваат дека или нешто посигурно ќе изнесат за настаните, или дека ќе ја надминат сировата антика со вештината на своето пишување...!? А јас, пак, дури ја повторувам во мислите сета оваа старина, немам никаква грижа – оти таа не може писателот да го одврати од вистината, туку може само духот негов да го разбранува…*

Titus **Livius**, *Ab urbe condita* (I век)

Без оглед на тоа што содржината на правото претежно е определена од државната целесообразност, неговата *форма* сепак се наоѓа вон и над подрачјето на влијание на државните цели. Затоа, ние би го започнале овој универзитетски учебник со претпоставката дека правниот и државниот поредок не се идентични, туку напротив – дека понекогаш правото настапува наспроти државата, како свет со свои посебни законитости! Оттука, **процесното право** има за цел да помогне во остварувањето на материјалното право, но тоа не го негира неговото безусловно важење – тоа си постои паралелно и кога можеби не ѝ служи на остварувањето на „целта на правото“ [Rudolph Ritter von Jhering / 1818–1892], туку дури и кога се јавува како пречка за остварување на таквата мисија. Имено, токму на теренот на процесното право ние ја сфаќаме проблематичноста на сето правно, а тоа е дека - во доменот на правото - средството/инструментот/правниот лек (*remedium*) има тенденција да стане своја сопствена цел! Оти, само правото познава исклучиво „категорички императиви“, па оттука и процесните норми имаат заповеднички, а не хипотетички карактер: впрочем, наредбодавниот тон на правото не познава степени; законотворецот никогаш ниту го крева, ниту го спушта својот заповеднички глас – тој го бара она што го бара, севезден со истата апсолутно обврзувачка волја. И токму оваа независност во важењето на процесното vis-à-vis материјалното право својот догматски израз го наоѓа во острото разликување на процесно-правниот од материјално-правниот однос, за чиешто потврдување тој мора да послужи и, врз основа на тоа, доведува до многукратни последици in praxis. Но, навидум толку сложената и модерна идеја за *своевидноста* на процесното право ѝ е својствена, всушност, уште на примитивната правна мисла. На пример, за доморогецот Алберт Швајцер вели дека тој „казната ја чувствува како справедливост само кога делото му е докажано и тој мора да го признае тоа. Сѐ додека сѐ уште може да одрекува со каков и да е привид на веродостојност, тој најискрено беснее против осудата – иако навистина е виновен. За таа црта на примитивниот човек мора да води сметка секој што има работа со него“ (цит. кај Радбрух, 2008).

Традиционално, теоријата за казненото право прави разлика помеѓу учењата за *основот* (*causa*) и учењата за *целта* (*thelos*) на **казнувањето**. Но, оправдувањето на казнувањето што не ја вклучува државата му припаѓа на дамнешното преддржавно минато. Оти обете овие прашања произлегоа од определена историска ситуација на едно време кога државата, сѐ уште невтемелена врз народната волја, му беше спротивставена на поединецот како нешто туѓо во кое тој немаше никакво активно учество: „Наспроти поединецот, државата напросто е некој друг“ [Immanuel Kant / 1724–1804]. Денес, кога демократската правна држава треба да се заснова врз волјата на народот, било да е тоа сфатено како аритметичко мнозинство или како некаков друг вид на интеграција, таа наспрема поединецот не е веќе „некој друг“, туку напротив

„сите ние“. Оправдувањето на вака сфатената народна (демотска) држава во себе го вклучува и овластувањето да казнува, што е нужно за нејзиното самоодржување.

А во правната мисла несомнен е заклучокот дека врвот на **античкото казнено право** - како материјално, така и процесно - е достигнат токму за време на римската држава, а особено во времето на Републиката. Имено, поделбата на *Iudicia privata* (граѓанска постапка) и *Iudicia publica* (кривична постапка) долго време беше непозната за Римјаните, сè додека првиот принцепс Октавијан Август, околу 17 год. пр.н.е., не изврши јасно разграничување помеѓу овие два облика на судската процедура – со двата т.н. Јулиеви закона: *Lex Iulia de iudicis privatis* и *Lex Iulia de iudicis publicis.* За разлика од подоцнежното средновековно право - кое беше феудално, авторитарно и арбитрарно - старовековното право се засноваше врз идеите на социјална стабилност и одбрана на status quo-то, што значеше и конзервирање на класните разлики. Но, организационите и функционалните правила на римската кривична постапка, во текот на римската историја, постојано се менуваа. Всушност, пошироката европска историја на кривичното процесно право - како доктрина, легислатура и јудикатура - нѝ укажува на тоа дека промените во оваа област се движат од помали корекции во организациско-функционална смисла, па сè до радикални реформи на концептуалната поставеност и коренити темелни преобразби во доминација на различните начела на коишто фундира правораздавањето. Ќе забележиме дека секоја промена има своја визија, но ниту една нема, или барем не постигна, своја перфекција – а причината за тоа лежи во малигно корумираниот карактер на секој државен ситем т.е. на државната администрација и правосудна управа коишто треба да ја спроведат. Поради тоа, во секоја судска [кривична] постапка, во секој период, можат да се воочат „црни дупки“ кои се производ на несовршената човекова природа и на расипливиот човеков карактер.

Во историјата на Рим се редеа години на стабилност и благосостојба, грубо пресекувани со години на безмилосно крвопролевање; години на растеж и развој, заменети со години на страв и беда; по неколку добри владетели, на престолот ќе стапнеше еден изопачен и неспособен, кој уништуваше сè што беше пред него направено. И покрај тоа што **Римското право** (*Ius Romanum* или *Ius Romanorum*) сигурно е еден од најелаборираните световни правни системи, кој сè уште е импресивен со богатството на идеи и правни институции – генеричкиот поим римско право опфаќа огромен период од речиси тринаесет векови, односно се однесува на периодот „од Ромул до Јустинијан“ [VIII век пр.н.е. – VI в.н.е.]. Низ сиот овој огромен период римското право се развиваше како право на римската држава [Кралство –> Република –> Империја], при што помина низ неколку карактеристични фази кои се обележани со значајни случувања во историјата на римскиот civitas – кои, пак, беа одраз на она што се случуваше, пред сè, во политичко-економската структура на општеството. Токму заради подобро снаоѓање во оваа огромна временска епоха, ние ќе ја прифатиме четвороделната поделба на проф. Антун Маленица (Маленица, 1996) којшто целокупниот период на римското право го дели на:

1. *Архаично* или *старо* – кое трае од основањето на градот Рим, па сè до носењето на првиот пишан закон *Lex XII tabularum* [VIII–V в. пр.Хр., поточно 754–450 год. пр.н.е.];
2. *Претkласично* – кое трае од носењето на Законот на 12 таблици до раѓањето на Исус Христос [450–4 год. пр.н.е.];
3. *Класично* – кое ги опфаќа првите три века од нашата ера [I–III в.]; и, конечно,
4. *Посткласично римско право* – кое се однесува на последните три века на Империјата [III–VI в.].

Несомнено е дека Римјаните им одржаа вистинска лекција по право на сите антички, средновековни и современи народи – токму поради тоа што нивниот правен

систем беше составуван низ „ситото и решетото“ на многумина разборити и доблесни правници. Не е тешко да се заклучи дека римското право, на чијашто правна традиција фундира и нашето современо национално право, како дел од поголемото евро-континентално правно семејство од т.н. *Civil Law тип*, првенствено беше процесно право, односно главно се развиваше под процедурална закрила – бидејќи правниот поредок на Римјаните беше востановен токму како **систем на тужби**, а не како модерните правни системи, кои претежно функционираат како „системи на [субјективни] права“ (англ. *rights*). Имено, Римјаните со потполно право велеа: *Ubi remedium, ibi ius* – „Каде има тужба, таму има право“, оти интуитивно знаеја дека за луѓето е многу побитно како правото се раздава, отколку како тоа се создава! Значи за нив тужбата, како средство, беше primus; а правото, како цел, беше secundus (никако обратно) – оти само преку средството можеме да стигнеме до целта. Тоа е логиката која провејува во праксата на племенитите јуриспруденти низ сите изминати времиња, од кои најумните беа образовани во духот на *природното право*, а не во духот на вулгарно-буквалистичкиот правен позитивизам.

Уште класичниот римски правник Гај (Gaius / средина на II век), во своите познати Институции, велеше дека „сето право со кое се служиме се однесува или на лица, или на ствари или на тужби“.[1] Според најголем број автори, **судските постапки**, односно процесното право или „правото кое на тужбите се однесува“ (*Ius quod ad actiones pertinent*) сепак, не се вбројуваше во доменот на јавното право (IVSPVBLICVM)[2] – што, пак, е доста проблематично гледиште. Има автори кои велат дека сфаќањата на римските правници-јуриспруденти за правото на тужба (*ius actio*) не дозволува да се говори за *тужбено право* [процесно / процедурално / формално право], сфатено во денешна смисла на зборот, како правна гранка, туку само за судска постапка односно процес т.е. процедура на судење. Имено, само делумно е точен ставот дека исклучиво прагматизмот беше основниот лајтмотив на целото римско право, како право на Римјаните кои како народ важеа за мошне практични луѓе – односно, дека правото се развива само во директна врска со потребите на општеството, без било каква врзаност за повисоки уставни норми или одредени филисофски правци и теориски концепции. Но, сепак, не можеме во целост да се согласиме дека за сметка на прагматизмот, сфатен во неговата пежоративна смисла, Римјаните немаа продуховени и подлабоки есенцијални теориски јуристички гледишта. Всушност развивањето на јуснатурализмот, влијанието на стоицизмот и неговите распространети учења, познавањето на прецедентот и постоењето на правичноста (*aeqitas*) како извор на правото доволно говори дека Римјаните беа многу понапред во сфаќањата од она што ние можеме да си го замислиме.

Оттука, цениме дека проучувањето на историјата на римското право би било непотполно без проучување на историјата на **римското кривично процесно право**.

[1] Gai, *Institutiones*, I, 8: Omne autem ius quo utimur vel ad personas pertinet vel ad res et vel ad actiones pertinet! Гај бил прилично непознат правник во времето во кое живеел, иако подоцна стекнува огромна популарност. Тој е своевидна енигма во правната историја – не му се знае ниту вистинското име, ниту потеклото, ниту занимањето. Иако не поседувал „право на одговор“ (*ius respondendi*), *Lex citationis* го вбројува меѓу петмината „правни авторитети“ (*iuris auctoritatis*). Најпознато Гаево дело е *Institutiones* во четири книги, кое што подоцна ќе стане обрзец за Јустинијановите Институции. Ракописот на ова капитално дело е пронајден сосем случајно, од страна на Нибур (Niebuhr) – во 1816 год. Тој го пронашол на еден палимпсест во Каптолската библиотека во Верона, а одредени празнини кои не можеле да се прочитаат се пополнети со делови од еден папирус од Египет, откриен во 30-те години на XX век. Ова Гаево дело е особено значајно затоа што тоа е единственото комплетно сочувано дело на класичните јуриспруденти кое, во непроменет облик, стигнало до нас. Исто така, за некои прашања (како, на пример, за римската легисакциона постапка) Институциите нѝ се единствениот извор! Останати негови дела се: *Коментар на Законот на 12 таблици*, *Коментар на преторскиот едикт*, неколку монографии, како и спорното дело *Res quottidianae* [*sive Aureae*].

[2] Старите Римјани, впрочем, како и сите антички народи, беа без развиена јазична интерпункција. Тие имаа само големи букви (*maiuscule*), а ја немаа ниту буквата U, исто како ни буквите J, K, W, Y и Z.

Точен е впечатокот дека ако при проучувањето на некои процесноправни проблеми кои се во доменот на нашиот научен интерес ја занемариме нивната *историска димензија*, односно ако нивниот исход не го побараме далеку во минатото, ние се лишуваме од секаква можност научно да го следиме и да го предвидиме нивниот иден развиток. На тој начин, современото право и правната наука се градат како резултат на правно-историското наследство, наталожените искуства и правилата пренесени од богатата духовна и цивилизациска ризница – па затоа нѝ се чини потребно да ја оправдаме тезата дека под површината на она што се нарекува „современост“, всушност лежат длабоки траги од правната повест т.е. како што умесно забележува еден современ процесуалист: „Кога принципите на модерното правосудство се набљудуваат историски, тогаш [гледаме дека] тие не се ниту ‘модерни’, а ниту ‘современи’ во вистинското значење на овие поими... Оти сите овие принципи беа познати и применувани уште во римската [класична] постапка. Разликата е единствено во досегот на нивната тогашна и сегашна примена“ (Зороска-Камиловска, 2004).

Имено, дејноста на римската држава не се сведуваше само на пропишување и санкционирање на приватно-правни правила од имотнотните или личните односи на граѓаните, туку една од нејзините главни дејности беше и *заштитата од напади* кои беа усмерени против основите на робовладетелскиот поредок и егзистенцијата на робовладетелската држава. Таквата држава, низ целата своја историја, прилично грижливо - со многу острина и многу успешно - ја исполнуваше оваа своја основна задача, а едно од средствата за нејзиното исполнување, покрај нормите на материјалното кривично право, беа и нормите на формалното кривично право или правилата на **кривичната постапка** – односно правилата за формите/облиците на заштита на постоечките права на граѓаните. Затоа, во објективна смисла на зборот, него го сочинуваа и оние правни правила што ги регулираа прашањата за средствата и акциите што ги употребуваа титуларите на субјективните права за да го активираат гломазниот државен принуден апарат, со цел заштита на своите права од било каква узурпација (Puhan, 1955).

Од аспект на **с т р у к т у р а т а**, правилата на римското кривично процесно право првенствено се однесуваа главно на две големи групи прашања кои ги даваат и двата суштински поврзани дела на процесното право во целина, односно на т.н. *казнено процесно право во поширока смисла* на зборот – од кои, поради ограничените просторни можности, во ова истражување ќе биде детално разработен само првиот дел:

1) **Организационото процесно право** или уште наречено и „судско право“ (англ. judicial law) ја опфаќа целокупната организација на кривичното [право]судство и кривично-правната јурисдикција, односно системот на казненото правораздавање. Значи тука влегуваат првенствено прашањата за ингеренциите и судирот на *надлежностите* меѓу државните органи кои ќе ја спроведуваат постапката (судии, поротници, арбитри, правосудни магистрати и сл.); потоа прашањето за положбата, изборот и/или именувањето на *судиите* и на *поротниците*; па судискиот *статус* т.е. овластувањата, привилегиите, правата и должностите кои тие ги имаа за време на нивниот мандат; потоа прашањето за евентуален реизбор, разрешување или *изземање* на судечките судии во конкретни случаи; понатаму прашањето за бројниот *состав* на судот или на другите органи, служби или лица кои беа вклучени во процесот на правораздавање; и конечно низата прашања кои се однесуваат на судските *дејствија* и нивното дејство, судските *такси* и процесните *трошоци* за работа; а во доменот на организациското кривично процесно право би можеле да ги вброиме и правилата за *изворите* (*fontes iuris*) т.е. карактерот на нормите на самото право, како и нивното *важење* – било да е тоа временско, просторно или персонално.

2) **Функционалното процесно право** или уште наречено и кривично процесно право во потесна смисла, односно „кривична постапка“ (англ. criminal procedure) –

главно ја опфаќа значајната функцијата на правораздавањето во кривичните предмети т.е. самиот судски *процес* и *фазите* низ кои тој се одвива, односно етапите по кои се развива судењето. Значи, покрај прашањата за *текот* и *степените* на постапката, тука влегуваат и важните прашања кои се однесуваат на: процесните принципи или *начелата* на постапувањето; процесните *субјекти* односно странките и нивните застапници/полномошници, како и инструментите кои им стојат на располагање т.е. *дејствијата* кои тие можат да ги преземаат; самата постапка на *докажување* и доказните средства кои притоа се применуваат; како и низа други процесни *институти* и правни установи кои се среќаваат во еден судски спор (на пример: *застоите* на постапката, судското *порамнување*, правната *помош* од други надлежни органи, решавањето на *прејудициелните прашања* и сл.).

***

Како што веќе напоменавме, во продолжение на овој учебник ќе бидат опфатени видовите судови кои постоеја во Рим од неговото основање па сè до почетокот на империјалниот период (VIII – I век пр.н.е.), што опфаќа период од речиси осум векови, а ќе се направи обид за посебен осврт на поставеноста и организацијата на римскиот судски систем во периодот на Кралството и на Републиката.

## *ДЕЛ I*

## *СУДОВИТЕ ВО КРАЛСТВОТО*

(VIII – VI ВЕК ПР.Н.Е.)

*ДЕЛ II*

## *СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКАТА*

(VI – I ВЕК ПР.Н.Е.)

## ЛИТЕРАТУРА


Abdy, J. T. & B. Walker (1876). *The Institutes of Justinian*. Cambridge: Cambridge University Press.

Alexander, M. C. (1990). *Trials in the Late Roman Republic* (*149 BC – 50 BC*). Toronto, Buffalo, London: University of Toronto Press.

Apasiev, D. (2013). *CORPVS IVRIS CIVILIS ROMANI – About Controversies During the Creation of the Justinian's Codification*. Balkan Social Science Review, Vol. II (BSSR, Dec. / 2013); pp. 7–25. Stip: Faculty of Law, State University "Goce Delcev".

– – – (2013). *The Roman Military Law (I)*. Contemporary Macedonian Defence – International Scientific Defence, Security and Peace Journal; Vol. XIII, No. 25, (Dec. / 13), pp. 115–128. Skopje: Ministry of Defence of the Republic of Macedonia.

– – – (2014). *Imperium Militiae (II)*. Iustinianus Primus Law Review. On-line journal, Vol. 5:1, No. 8, Winter/14, pp. 1–16. Skopje: Faculty of Law "Iustinianus Primus".

Apasiev, D. & Koshevaliska, O. (2015). *Ius Militare – Military Courts in the Roman Law (I)*. International Journal of Science: Basic and Applied Research. Jordan: GSSRR – Global Society of Scientific Research and Researchers.

Apasiev, D. & Stojanov, T. (2015). *Stoicism and its Influence on the Roman Law*. International Journal of Science: Basic and Applied Research. Jordan: GSSRR – Global Society of Scientific Research and Researchers.

Bablitz, L. (2007) *Actors and Audience in the Roman Courtroom*. London and New York: Routledge Publisher [Taylor & Francis Group].

Baron, I. (1925). *Institucije Rimskoga prava*. Zagreb: K.N. Bibliografski Zavod D.D.

Bauman, R. A. (2003). *Human Rights of Ancient Rome*. London and New York: Routledge Publisher.

– – – (1996). *Crime and Punishment in Ancient Rome*. London and New York: Routledge [e-Library 2004].

Berger, A. (1953). *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law.* New Series, Vol. 43, Part 2. Philadelphia: The American Philosophical Society (+ DIANE Publishing), [Reprinted 1980 and 1991].

Blagojević, B. T. (1960). *Građanski postupak u Rimskom pravu* (III izdanje). Beograd: Univerzitet u Beogradu i Naučna knjiga.

Blinzler, J. (1959). *The Trial of Jesus*. Cork: E.T.

Boras, M. & Margetic, L. (1980). *Rimsko pravo*. Zagreb: PFZ (Biblioteka „Udzbenici i skripta").

Borkowski, A. & du Plessis, P. (2005). *Textbook on Roman Law* (3rd edition). Oxford: Oxford University Press, [First ed. 1994 and Second ed. 1997].

Brown, P. (1997). *The World of Late Antiquity*. London.

– – – (1988). *The Fall of the Roman Republic and Related Essays*. Oxford: Oxford University Press.

Buckland, W. W. (1963). *Textbook of Roman Law* (3rd ed.). Oxford: Oxford University Press.

Bujuklić, Ž. (2005). *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*. [Prvo izdanje], (Biblioteka „Priručnici“). Beograd: Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije [Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje - 2006].

Burdick, W. L. (1938). *The Principles of Roman Law and Their Relation to Modern Law*. Rochester and New York: The Lawyers Co-operative Publishing Co. (reprint: Clark, New Jersey: The Lawbook, Exchange LTD, 2004).

Bury, B. & Cook S. A., Edwards S., Adcock F. C., Charlesworth M. P., Geoffrey N., Hammond L., Gadd C. J., Boardman J., Lewis D. M., Walbank F. M., Rawson E., Crock J. A., Lintott A. W., Boeman A., Whitby M., Garnsey P., Cameron A., Ward-Perkins B. *The Cambridge Ancient History* (2000). Cambridge: Cambridge University Press.

Cairns, J. W. & Plesis, P. J. (2006). *Beyond Dogmatic – Law and Society in the Roman World* (vol. III). Edinburg University Press.

Cairns, J. W. & Robinson, O. F. - ed. (2001). *Critical Studies in Ancient Law, Comparative Law and Legal History*. Oxford - Portland Oregon: Hart publishing [reprinted: 2002, 2004].

Cherry, R. (1890). *Lectures of the Growth of the Criminal Law in Ancient Communities*. London.

Cicero, M. T. (1994). *The fragmentary speeches* [J. W. Crawford – ed.]. American Philological Association & Oxford University Press.

*The Civil Law: Including the Twelve Tables, the Institutes of Gaius, the Rules of Ulpian, the Opinions of Paulus, the Enactments of Justinian, and the Constitutions* (2001). Lawbook Exchange Ltd.

*Corpus Iuris Civilis* (1954). MCMLIV.

Crook, J. (1967). *Law and Life of Rome*. New York: Cornel University Press.

Danilović, J. i Stanojević, O. (1993). *Tekstovi iz Rimskog parva.* Beograd: Pravni fakultet u Beogradu.

Davidson, T. J. S. (1944). *A study in Roman Administrative Law*. (Unknown Binding).

– – – (1912). *Problems of the Roman Criminal Law* (Vol. I and II). Oxford: Oxford Clarendon Press.

Davis, W. C. (---). *The Influence of Wealth in Imperial Rome – Political Corruption and High Finance* (especially under the Later Republic).

Dillon, M. & Garland, L. (2005). *Ancient Rome – from the Early Republic to the Assassination of Julius Caesar*. Taylor & Francis.

Eisner, B. i Horvat, M. (1948). *Rimsko pravo*. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske.

Evans, A. E. (1909). *Roman Law Studies in Livy*. New York: Macmillan Co.

Fantham, E. (2004). *The Roman World of Cicero's 'De Oratore'*. Oxford and New York: Oxford University Press.

Ferguson, A. (1852). *History of the Progress and Termination of the Roman Republic*. New York.

Flavije, J. (1967). *Judejski rat*. Beograd.

Freeman, C. (2004). *Egypt, Greece and Rome – Civilizations of the Ancient Mediterranean*. [Second Edition]. Oxford: Oxford University Press.

Frier, W. B. (1989). *A Casebook on the Roman Law of Delict* [Classical Resources Series]. American Philological Associati - Paperback).

Frier, W. B. & Thomas, A. J. M. (2004). *A Casebook on Roman Family Law* (American Philological Association – “Clasical Resources Series”, Joel Lidov - ed.). Oxford: Oxford University Press.

Gaius (1953). *Institutes* (F. de Zuluetz – text / translation / commentary, 2 vols.).

Gardner, J. F. (1987). *Women in Roman Law and Society* (Paperback).

Gibbon, E. (1827). *The History of the Decline and Fall of the Roman Empire* – in eight volume (vol. V). Oxford and London: Oxford English Classics.

Greendige, A. H. J. (1901). *The Legal Procedure of Cicero’s Time*. Oxford: Oxford Clarendon Press.

Hadley, J. (1902). *Introduction in Roman Law*. New York.

Hamza, G. (2007). *The Classification (divisio) into ‘Branches’ of Modern Legal Systems (Orders) and Roman Law Traditions*. European Journal of Law Reform, Vol. VIII, №. 4, pp. 361–382. Eleven International Publishing, Sine loco.

Harries, J. (2004). *Law and Empire in the Late Antiquity*. Cambridge University Press.

– – – (1914). *The Institutions or Elements of Justinian*. London.

Horvat, M. (1954). *Rimsko pravo – II dio* (Drugo izdanje). Zagreb: Školska knjiga.

– – – (1980). *Rimsko pravo* (Deseto izdanje). Zagreb: Školska knjiga.

Ignjatovič, M. (2014). *The Impact of Certain Rules of Roman Public Law (Ius Publicum) on the Contemporary Law*. Proceedings of the First International Scientific Conference ‘Social Change in the Global World’ (Vol. 1). Shtip: State University “Goce Delchev”, Faculty of Law & Center for Legal and Political Research (CLPR).

*Institutiones Iustiniani* (1954). Recognovit Theodorus Mommsen, Retractavit Paulus [Krueger – ed.]. Berolini: MCMLIV.

Jackson, E. H. (1992). *Latin for Lawyers (One Thousand Latin Maxims With English Translations)*. New York.

